

## ЗАВИСНОСТА ОД ИМПЕРИЈАЛИЗМОТ И ХОЛОКАУСТОТ

**Во текстот на Тони Клиф, палестински Евреин кој до крајот на Втората светска војна живеел во тогашна Палестина, апотоа се пресели во Британија и станал еден од водечките троцкистички теоретичари се вели дека на ционистите секогаш им било јасно дека им е потребна помошта на империјалистичката сила што имала, главно, влијание во Палестина во тоа време**

Во продолжение тој пишува дека на 19 октомври 1898 година, Херцл заминал за Цариград на прием кај кајзерот Вилхелм. Во тоа време Палестина била дел од Отоманската Империја, која била помлад партнер на Германија. Херцл му кажал на кајзерот дека ционистичкото населување во Израел ќе го зголеми германското влијание, бидејќи центарот на ционизмот е во Австрија, која била партнер на Германската Империја. Тој, исто така, покажал уште еден морков(адут): *„Објаснив дека ги одвлекуваме Евреите од революционерните партии“.*

Кон крајот на Првата светска Војна, кога било јасно дека Британија ќе ја преземе Палестина, водачот на ционистите во тоа време, Хаим Вајцман, контактирал со британскиот секретар за надворешни работи, Артур Балфур, добивајќи од него, на 2

ноември 1917 година, декларација со која на Евреите им ветувал татковина во Палестина. Сер Роналд Сторс, првиот британски воен гувернер на Ерусалим, објаснил дека ционистичкиот „потфат бил потфат што тој го благослови поради тоа што за Англија формира 'мал, лојален еврејски Алстер' во морето од потенцијално непријателски арабизам“. Така ционистите станаа Портокаловиот ред на Палестина.

Во Втората светска војна станало јасно дека главна сила на Блискиот Исток ќе престане да биде Британија и ќе станат Соединетите Американски Држави. Поради тоа, Бен Гурион, ционистичкиот водач во тоа време, побрзал во Вашингтон да ги зацврсти договорите со САД. Израел сега е најдоверливиот сателит на Соединетите Американски Држави. Не е ништо тоа што Израел добивал повеќе економска помош од САД отколку која било друга земја, иако е толку мал. Исто така, добивал повеќе воена помош од која било друга земја во светот.



Сфаќајќи го варварството на нацизмот, Троцки го предвидел искоренувањето на Евреите. На 22 декември 1938 година, тој напишал: *„Можно е да се замисли без тешкотии што ги очекува Евреите на самиот почеток на идната војна. Но дури и без војна следниот развој на светската реакција со сигурност означува физичко истребување на Евреите... Само смелата мобилизација на работниците против реакцијата, создавањето на работнички милиции, непосредниот физички отпор на фашистичките банди, растечката самодоверба, активност и смелост помеѓу сите потиснати може да предизвика промена во односите на силите, да го запре светскиот бран на фашизам и да отвори ново поглавје во историјата на човештвото“.*

До Втората светска војна преовладувачкото мнозинство од Евреите во светот, особено Евреите од работничката класа, не беа поддржувачи на ционизмот. Така, во Полска, каде што постоеше најголемата заедница на Евреи во Европа, во декември 1938 и јануари 1939 година, биле одржани избори за советот во Варшава, Лоџ, Краков, Лвов, Вилнус и други градови. Бундот, еврејската социјалистичка работничка антиционистичка организација, добила 70 % од гласовите во еврејските области. Бундот добил 17 од 20 мандати во Варшава, додека ционистите добиле само еден мандат.

Сето тоа радикално се промени со холокаустот. Едвај да има Евреин во Европа што не загубил членови од неговото или нејзиното семејство во него. Се сеќавам дека кратко време пред него една моја тетка од Данциг дојде да нè посети во Палестина. Не се сретнав со другите членови од нејзиното семејство, но таа, заедно со сите други, исчезна во холокаустот. Една моја роднина, која ја познавав многу добро, се пресели во Европа со својот маж и со петгодишното дете веднаш пред војната, и тие, исто така, беа убиени во гасните комори.





**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**